**Влада на Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат за животна средина**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НАДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2023 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дел. Бр.** | **02-834/1** | | **Сретен Стојковски** |
| | | | [име и презиме] |
| **Датум:** | **13.07.2023 година** | | **Директор** |
| | | | [функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| **Место:** | **Скопје** | (м.п.) | |
| | | | [потпис] |

Влада на Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ПЕРИОДОТ**
**ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2023 ГОДИНА**

Дел. Бр. 02-834/1

Датум: 13.07.2023 година

Место: Скопје

Сретен Стојковски
Директор

## Содржина


I. Резиме ... 4

II. Управување со ризици ... 6

II.1. Дефинирање на ризични области ... 7

II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ... 9

II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик ... 10

II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор ... 10

III. Организација и раководење ... 11

III.1. Правен статус на институцијата ... 11

III.2. Раководство ... 11

III.3. Надлежности ... 12

III.4. Организациска структура ... 13

III.5. Состојба со човечки ресурси ... 14

IV. Инспекциски надзор ... 19

V. Обука на инспекторите и административните службеници ... 24

VI. Буџет и финансирање ... 25

VII. Меѓународна соработка ... 26

VIII. Други активности на инспекциската служба ... 26

VIII.1. Начело на транспарентност и јавност ... 26

VIII.2. Односи со медиуми ... 27

VIII.3. Интернет страница ... 278

VIII.4. Соработка со други инспекциски служби и државни институции ... 28

VIII.5. Соработка со бизнис заедницата и граѓански здруженија ... 299

VIII.6. Соработка со образовни и научни институции ... 2930

VIII.7. Проекти ... 31

IX. Заклучоци и препораки ... 33

# I. Резиме

Директорот на Државниот инспекторат за животна средина, согласно член 35 од Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19) и Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби („Сл. весник на Република Северна Македонија“ бр. 238/19), донесе извештај за работа на Државниот инспекторат за животна средина за периодот ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2023 година.

**Управување со ризици.** Државниот инспекторат за животна средина има воспоставено процес за управување со ризиците и врз основа на член 32, став (4) од Законот за инспекциски надзор, има донесено Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во процесот на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Инспекторатот онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција, за да се обезбеди усогласеност.

**Организација и раководење.** Државниот инспекторат за животна средина е организиран административно како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, со својство на правно лице и корисник на буџет од прва линија. Во поглед на раководењето, надлежностите и организациската структура, инспекторатот е организиран во четири сектори со 11 одделенија и едно самостојно одделение надвор од секторите. Во однос на човечките ресурси, во првото полугодие од 2023 година, бројот на државни инспектори изнесува 25 од кои 18 се државни инспектори за животна средина, 4 се водостопански инспектори (1 помлад водостопански инспектор е вработен на јавен оглас, 1 виш водостопански инспектор е превземен од Државен Инспекторат за Градежништво и Урбанизам), додека тројца се државни инспектори за заштита на природата (1 помлад инспектор за заштита на природата е вработен на јавен оглас). Има промена кај административните службеници, преку јавен оглас во првото полугодие се вработени три нови лица и вкупниот број на административни службеници сега изнесува 4. Во првите 6 месеци се реализирани и пет унапредувања на работни места од кои четири за раководни инспекциски службеници (1 Главен Инспектор за животна средина, 1 во Секторот за водостопанска инспекција и 2 во Секторот за инспекциски надзор во природата) како и 1 место советник за правни административни работи.

**Инспекциски надзор.** Во извештајниот периодот јануари - јуни 2023 година Државниот Инспекторат за животна средина планирал 907 инспекциски надзори, од кои 714 редовни инспекциски надзори, 16 вонредни надзори и 177 контролни инспекциски надзори. Во наведениот период се реализирани 1.072 инспекциски надзори од кои 714 редовни, 160 вонредни и 198 контролни инспекциски надзори. Притоа вкупниот план е надминат за 165 инспекциски надзори, односно за 18,2%.

**Санкции:** Од страна на државните инспектори во извештајниот период реализирани се 25 прекршочни постапки, од кои 2 во јануари, 9 во февруари, 5 во март, 3 во април, 1 во мај и 5 во месец јуни, при што се иницирани постапки за кои се предвидени согласно законите максимални санкции од над 556.000 евра во денарска противвредност за сторени

прекршоци и тоа 180,000 евра за Цементарница УСЈЕ, 180,000 евра за ЈСП Скопје, 110,000 евра за Пејпермил Кочани, 76.000 евра за ВЕ-ГРУП ДООЕЛ, Радовиш, 10,000 евра за Флауер Пауер од Вевчани. Сеуште во процедура се и предметите за неколку јавни водоводни претпријатија: ЈП Водовоод Прилеп, ЈП Водовод Куманово и ЈП Водовод Скопје.

Во извештајниот период се наплатени и платни налози со постапка за порамнување од физички лица заради законски повреди за незаконско управување со отпад, а иницирани се и постапки за спогодување до Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Поднесена е и 1 кривична пријава против непознат сторител до Основно Јавно Обвинителство Охрид (Природа, излевање на нафтен дериват во Студенчишки канал, Охридско Езеро).

**Обука на инспекторите и административните службеници.** Во првото полугодие од 2023 година беше финализирана обуката на меѓународно ниво во делот на запознавање со ЕУ "акито" за животна средина во соработка со Шведската Меѓународна Агенција за Развој и СЕП-Секретаријатот за Европски Прашања каде активно учествуваше и со положен финален тест ја заврши обуката помладата инспекторка за животна средина од Скопје. Во овој период се реализираше и обука-врховен курс (финален, трет курс) на Академијата за кривични дела за труење на диви животни во Марбеја, Андалузија во Шпанија со физичко присуство, со што генералниот инспектор за животна средина кој учествуваше на серијата двогодишни обуки се стекна со посебен сертификат за тренер кој понатаму ќе врши трансфер на здобиените знаења на колегите од ДИЖС, Полицијата и останати надлежни служби, институции, граѓански сектор.

**Буџет и финансирање.** Согласно Извештајот за реализацијата на буџетот за првото полугодие од 2023 година на Државниот инспекторат за животна средина, степенот на досегашната реализација изнесува 38,58%.

**Меѓународна соработка.** Во првото полугодие од 2023 година, Инспекторатот активно учествуваше во реализација на активностите на Европската мрежа на инспекторатите за животна средина (IMPEL), Европската мрежа на судии и обвинители за животна средина и Платформата EMPACT во рамките на Под-мрежата за криминал во животната средина на Европол и активности во рамки на Интерпол, Под-мрежа за криминал во животната средина.

**Други активности на инспекциската служба.**

При вршење на редовните работни активности, Инспекторатот ги почитуваше начелата на транспарентност и јавност во согласност со законот, а информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за животна средина во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната (http://www.sei.gov.mk). Исто така, преку официјалната фејсбук страна на Државниот инспекторат за животна средина граѓаните можеа да се информираат

за тековното работење на инспекторатот, преку отворена и конструктивна комуникација, да споделуваат свои коментари, идеи и прашања.

Заради широкиот спектар на законски овластувања и надлежности, при своето работење Инспекторатот соработуваше со бизнис заедницата, посебно беше нагласена соработката со граѓанските здруженија, образовните и научни институции и сите чинители кои можат да придонесат со своите активности за зголемување на транспарентноста, пред се и нагласената соработка со Државната Комисија за спречување на корупција во делот на транспарентност и интегритет на инспекциската служба.

Со проектите финансирани од разни донатори пред се Европската Унија, се овозможи подобрување на системите за анализа на ризик, како и проценка на ефективноста на работењето на инспекциските служби преку изработени: прирачници, протоколи, стандардни оперативни процедури итн.

**Заклучоци и препораки.** Општата оценка за реализација на зацртаните програмски цели и задачи, е високо ниво на нивно исполнување, со квалитетно, ефективно и ефикасно почитувањето на роковите, особено во остварувањето на месечните планови за работа на инспекциската служба за I полугодие од 2023 година.

## II. Управување со ризици

Со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на вршење на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за животна средина онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност, континуирано се применува процесот на управување со ризик, согласно донесената „Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори". Законската рамка која се регулира во секторите за инспекциските надзор опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој државен инспектор во Инспекторатот. Се идентификуваат периодично законските обврски, субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и преземање мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури. Заради тоа, управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на Државниот инспекторат за животна средина. Тоа подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли, кои треба да се засноваат на: идентификување на ризици и проценка, утврдување на степен на ризици при планирањето на инспекциските надзори, проценка на нивната веројатност и ефект/влијание, следење и оценка за ризиците, како и утврдување на соодветни внатрешни мерки за контролирање на ризици при спроведување, односно извршувањето на инспекциските надзори. Управувањето со ризиците овозможува: донесување поквалитетни одлуки, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, согледување на приоритетите, како и избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализацијата на поставените цели. Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во Инспекторатот на

прифатливо ниво со спроведување на мерки кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието на реализацијата на ризик. Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но може само да бидат управувани. Тоа значи дека треба да се утврди одредено ниво на "прифатлив ризик" за секој конкретен случај во анализата. Прифатлив ризик е степенот на ризик што раководството е подготвено да го прифати во постигнувањето на своите цели. Според „Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.247/2019), елементите за проценка на ризик се: тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици. Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот инспекторат за животна средина и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на животната средина. Месечните планови за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на Државниот инспекторат за животна средина со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на месечните планови во извештајниот период во најголем дел се засноваа врз проценката на ризиците. Квалитетот на извршувањето на плановите е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците. Врз основа на горенаведеното, извршена е проценка на очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој инспекциски сектор одделно во Државниот инспекторат за животна средина, при што се лоцирани сензитивните точки по закони (проценка на ризици за неприменување на прописите) каде Инспекторатот при вршење на инспекциски надзор обрна поголемо внимание, при што проценката беше извршена врз основа на долгогодишното вршење на инспекциски надзор во изминатите години, односно редовното вршење на инспекциски надзор по закони и области. Како основ при изготвување на плановите во извештајниот период се податоци земени од годишниот план, за што се изготвувани месечни планови од областите за кои е надлежен Инспекторатот, законската регулатива и сл. Оттука, произлегува дека проценката на ризиците е извршена врз основа на два вида влезни информации за проценка на влијанието на ризикот и проценка на веројатноста за појавување на ризикот. Врз основа на тоа, е дадена проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој сектор одделно по закони по кои постапува секторот.

### II.1. Дефинирање на ризични области

Предметот на инспекциски надзор се врши врз основа на веќе дефинирани ризични области во животната средина, природата и водостопанството врз основа на одредени критериуми. Со вршење на квалитетни, ефикасни и ефективни инспекциски надзори се намалува ризикот од многу аспекти. Во првото полугодие на 2023 година беа дефинирани следните ризични области каде и беа вршени сите три видови на инспекциски надзори:

- ризичните области во индустриско спречување и контрола на загадувањето (интегрирани еколошки дозволи);

- ризичните области во управувањето со отпадот (сите текови на отпадот);
- ризичните области во заштита на водите (водостопански субјекти);
- ризичните области во заштита на природата (управување со Национални паркови).

Дефинирањето на ризичните области се базираше на утврдените и очекуваните ризици од досегашните инспекциски надзори и врз основа на проценката по ризикот врз животната средина.

Утврдувањето на ризикот се спроведуваше од државните инспектори за животна средина, државните инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори во соработка со експерти од различни области на животната средина, универзитетската и бизнис заедницата  преку размена на информации, увид во документација и извештаи за извршени лабораториски испитувања од надлежни институции и овластени и/или акредитирани лаборатории за животна средина. Методологијата за анализа и процена на ризикот е единствена за сите субјекти кои вршат индустриска дејност, односно управуваат со заштитени со закон подрачја и основата им е вршење водостопанска дејност.

Во идентификувањето на ризикот, дополнителни фактори кои се земаа во предвид беа:

- Непостапување по одредбите од Интегрираните еколошки дозволи,
- Непостапување по одредбите од Елаборатите за животната средина;
- Непостапување по одредбите од Законот за заштита на природата;
- Непостапување по одредбите од Законот за водите;
- Непостапување по одредбите од Законите за управување со отпадот, управување со пакување и отпад од пакување, управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори и управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, односно невоспоставен систем за управување со сите текови на отпадот, немање минимум критериуми за санитарните депонии во РСМ.

Подетален опис на ризичните области кои беа предмет на инспекциски надзор во текот на првото полугодие на 2023 година е идентификуван  во следниве области :

- Управување со опасен отпад (отпадно масло, батерии и акумулатори, електронски и електричен отпад и друго)
- Управување со неопасен отпад (складови со метален отпад и промет со забранети предмети и материјали)
- А-ИСКЗ дозволи (контрола на условите наведени во дозволите)
- Елаборати за животна средина (контрола на условите наведени во елаборатите)
- Контрола на Ф-гасови (фреони, системи за ладење)
- Заштитени подрачја на природата (контрола на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и реализација на плановите за управување, недозволено

депонирање на отпад на територијата на заштитеното подрачје, појава на пожари, недозволено собирање на заштитени животински и растителни видови),

- Управување со пакување и отпад од пакување.
- Заштита на водите од загадување и управувањето со водите од водостопански аспект, водостопански дозволи за зафат и испуштање на водите, тарифите за вода...

Принципот на превенција имаше исто така висок степен на застапеност при одредување на критериумите за определување на ризичните области.

## II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот

Државниот инспекторат за животна средина, изворите на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ги користи врз основа на вршење на инспекциски надзор, претставки, дојави од правни и физички лица, Фејсбук месинџер и апликација фрешдеск-пријави, преку Е-пошта, информации од граѓански здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати, податоци од интерни регистри.

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор, донесе Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за животна средина онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

Пристапот базиран на управување со ризици се потпира на факторите на ризик кои произлегуваат од достапните податоци и информации кои се собрани при претходно извршените надзори. Колку постојат повеќе ризик-фактори, толку е поголема веројатноста да се пронајдат неправилности, што пак резултира со повисоко ниво на следење и надзор. Информациите за овие ризик фактори се прибираат од повеќе извори. Преку користење на ефективен начин на известување, кој се развива со насобраното искуство, инспекциската служба ќе биде во можност да ги насочи ресурсите онаму каде што е потребно поголемо внимание, како и да иницира посебни инспекциски надзори за одредени прашања, а кои се валидирани со проверка на досието (предметот). Управувањето со ризиците, меѓу другото е алатка која им помага на раководните структури да ги предвидат променетите околности и има можност навремено да реагираат на нив. ДИЖС со новиот ЕУ Твининг Проект ќе пристапи кон изготвување на Стратегија за повеќегодишно планирање на инспекциските надзори за период од 3-6 години по плански региони и по области за надзор.

Врз основа на анализирање и утврдување на дополнителните фактори на ризик (Ф-гасови), произлезе потребата од координиран инспекциски надзор со други институции за преземање мерки и активности за контрола и следење на состојбата со увозот на Ф-гасови во државата (Царинската Управа и МЖСПП), односно координирани контроли со Полиција, Царинска Управа и останати надлежни институции во делот на сузбивање на криминалот во животната средина во прекуграничен контекст посебно во делот на отпадот и природата.

### II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот. Според степенот, ризикот може да биде низок, среден и висок. Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори. Одредени ризици, а особено оние поврзани за здравјето, безбедноста и околината се со висок ризик и тука е оправдано поголемо ниво на мониторинг и навлегување во проверките на субјектите на надзор.

Други пак, ризици можат да бидат едноставни технички неправилности и истите не оправдуваат трошење на време и средства за да се пронајдат, а поради што би се занемариле други посериозни неправилности. Фокусирањето кон ризиците треба да се примени во одредувањето на тоа толку често треба да се врши надзор на субјектите. Субјектите за кои е веројатно дека се усогласени со правилата потребно е поретко да бидат контролирани отколку оние кои работат во поризичен сектор или пак кај кои биле утврдени значајни неправилности во минатото. Сета оваа проблематика ќе биде дел од новата Платформа Е-Инспектор во која согласно планот ДИЖС би се приклучил во текот на првата половина на 2024 година.

### II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор

Државниот инспекторат за животна средина како појдовни „критериуми за идентификување на субјекти“ ги користеше наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период како и регистрите (од областа на животната средина) кои се водат во Министерство за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина и останатите сектори во рамки на министерството. Оттука произлегува и евентуалната потреба од координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби.

Иако првенствено се однесува на национално ниво, аспектот на координација е важен за Инспекторатот. Државниот инспекторат за животна средина, ја зголеми координацијата и пристапот до информации со цел да се заштеди на средства и да се заштитат субјектите од преоптоварување со последователни инспекции од повеќе различни служби. Податоците од инспекциските надзори од други служби се доста важни во одредување на нивото на ризик и опфатот на следниот надзор па поради тоа Државниот инспекторат за животна средина соработуваше со други инспекторати и останати институции по принципот на интероперабилност (Централен регистар, Агенција за вработување итн.). Ваквата

координација овозможи добивање податоци од други инспекциски служби и институции за време на планирањето на инспекциските надзори.

Покрај планираните субјекти за надзор земени од регистрите за месечните планови, инспекторите вршеа голем број на инспекциски надзори над нерегистрирани правни субјекти и физички лица, и постапуваа по барање на субјекти, а извршените надзори ги евидентираа во Регистар 6 (регистар на инспекциските надзори) и шестмесечните извештаи за работа, како вонредни (ненајавени) инспекциски надзори, согласно Законот за инспекциски надзор и Законот за инспекциски надзор во животната средина. Инспекторатот мора да има во предвид и фактот дека треба да изврши и правилна проценка дека секоја активност која се планира да се преземе како одговор на ризикот е пропорционална на ризикот, односно истата ќе придонесе за негово минимизирање на прифатливо ниво.

Со цел да се подобри ефикасноста на управувањето со ризиците и обезбеди клучните ризици да се утврдуваат и третираат, се воспоставува соодветен систем за следење и известување за ризиците. Доколку се сменат околностите врз основа на кои е направена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката на ризикот, која ќе биде земена предвид при подготвувањето на плановите за работа на ДИЖС. Во план е во втората половина на 2023 година да се изготви измена на Методологијата за процена на ризик и нивоата на сложеност по закони.

# III. Организација и раководење

## III.1. Правен статус на институцијата

Државниот инспекторат за животна средина до мај 2014 година беше орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање без правен субјективитет и сопствена буџетска сметка, а од мај 2014 година согласно измените и дополнувањето на Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр.187/2013) членот 194 став (7), сеуште адиминистративно е орган во состав на МЖСПП, има својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

Во Службен Весник на РСМ бр.99/2022 е објавен новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина, кој закон ја уредува организацијата на инспекцискиот систем во животната средина, планирањето на инспекциските надзори, изготвување на стратешки документи итн.

## III.2. Раководство

Државниот инспекторат за животна средина, работите од својата надлежност ги извршува преку:

-директорот на Инспекторатот, кој го именува и разрешува Владата на Република С. Македонија,

-генералниот инспектор за животна средина, инспекторите за животна средина, инспекторите за заштита на природата и водостопанските инспектори и

-стручно-административната служба во Инспекторатот во делот на админситративното и финансиско работење.

### III.3. Надлежности

Основна функција на Државниот Инспекторат за животна средина е спроведување на инспекциски надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водостопанството. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (Национални Паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и други заштитени подрачја со закон), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава емитирана во животна средина, превенција од еколошки инциденти.

Со Законот за инспекциски надзор во животната средина кој е целосно усогласен со материјалниот Закон за инспекциски надзор се уредуваат начелата, надлежноста, организацијата на ДИЖС, како и постапките на инспекцискиот надзор. Работењето на Инспекторатот покрај со овој закон се дефинирани и со Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, односно вкупно дваесет и осум закони и околу две стотини и шеесет подзаконски акти. Инспекторатот е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно Законот за инспекциски надзор во животната средина и други материјални закони.

Промени во полугодието во поглед на надлежностите на Државниот инспекторат за животна средина се направени во законодавството од областа на животната средина, природата и водостопанството и тоа во следните закони:

*Во тек се измени на Законот за води и Законот за животната средина, а во припрема е изготвување на нов Закон за заштита на почвите, потоа Закон за прекугранична трговија со загрозени видови (CITES), Закон за Белчишко Блато, Закон за Студенчишко Блато, Закон за репрогласување на Кањон Матка, Закон за репрогласување на Охридско Езеро, а во парламентарна процедура е Законот за контрола на индустриски емисии. Изготвени се и десет решенија со кои МЖСПП прогласува платанови стебла за природна реткост на десетина локации низ државата.

### III.4. Организациска структура

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во нивните состави и унапредување на нивната меѓусебна соработка и заради непосредно извршување на нормативно-правни, стручно-аналитички, управни, информатичко–технолошки, оперативни и стручно-административни работи, во ДИЖС се формирани следните организациски единици како на органограмот:

(1) **Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата** со 5 подрачни одделенија за инспекциски надзор во животната средина.

(2) **Сектор за инспекциски надзор во природата** со 2 подрачни одделенија за инспекциски надзор во природата.

(3) **Сектор за водостопанска инспекција**, со 2 подрачни одделенија за инспекциски надзор.

(4) **Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки со две одделенија со седиште во Скопје**, и

(5) **Одделение за финансиски прашања**


ДИРЕКТОР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА СКОПСКИ РЕГИОН-со седиште во Скопје
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА ПОЛОШКИ РЕГИОН-со седиште во Тетово
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА СЕВЕРОИСТОЧЕН И ИСТОЧЕН РЕГИОН-со седиште во Пробиштип
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА ПЕЛАГОНИСКИ И ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН-со седиште во Битола
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА ВАРДАРСКИ И ЈУГОИСТОЧЕН И РЕГИОН-со седиште во Струмица
СЕКТОР ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНСПЕКЦИЈА
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНСПЕКЦИЈА – ЗАПАД - со седиште во Скопје
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСКА ИНСПЕКЦИЈА – ИСТОК - со седиште во Скопје
СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА, ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ И ЈАВНИ НАБАВКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ И НАБАВКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА, АНАЛИТИКА, И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА ИНСПЕКТОРАТОТ
СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ПРИРОДАТА
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ПРИРОДАТА – ЗАПАД - со седиште во Скопје
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ПРИРОДАТА – ИСТОК - со седиште во Скопје

## III.5 Состојба со човечки ресурси

Државниот инспекторат за животна средина заклучно со 30.06.2023 година брои вкупно 30 вработени (29+1), вклучувајќи го и директорот на инспекторатот (систематизирани работни места без директорската позиција се вкупно 53, пополнети работни места вкупно 29 или пополнетост на работни места од 54.7%). Врз основа на Правилникот за систематизација на работните места кој е одобрен од Министерството за информатичко општество и администрација, од вкупно 38 систематизирани работни места на инспектори, пополнети се вкупно 25 работни места или 65.8 % реализација на работните места, а од вкупно 15 систематизирани работни места на административни и помошно технички лица, пополнети се вкупно 4 работни места или 26.7 % реализација на работните места.

Во првото полугодие од 2023 година се реализираа 6 јавни и 5 интерни огласи, а немаше пензионирања на инспектори, односно пензионирања на останати административни работници. Врз основа на 6 јавни огласи во редовен работен однос примени се 2 државни инспектори и тоа 1 помлад водостопански и 1 помлад инспектор за заштита на природата, додека вториот помлад водостопански инспектор иако беше селектиран и избран за помлад водостопански инспектор се откажа. Останатите три јавни огласи беа за административни службеници, од кои 2 за административни работи и 1 за ИКТ и работните места се пополнети. По пат на спогодбено преземање од Државниот Инспекторат за Градежништво и Урбанизам е преземен 1 виш инспектор за работно место Виш водостопански инспектор и во моментов е на 9-месечно менторство за стекнување на лиценца за водостопански инспектор до средината на месец јануари 2024 година. Во првото полугодие се реализирани и пет унапредувања и тоа: 1 Генерален Инспектор за животна средина, 1 Виш Водостопански инспектор, 1 Главен Инспектор за заштита на природата и 1 Виш Инспектор за заштита на природата, како и 1 Советник за правни работи, со што практично за период од година и половина 2022-2023 додека е Директор Сретен Стојковски е етаблирана раководната структура во трите сектори каде се реализираат инспекциските надзори и тоа во моментов со 1 генерален инспектор за животна средина, три главни инспектори по 1 за животна средина, водостопански и за заштита на природата, 3 виши инспектори за животна средина, 2 виши водостопански инспектори и 1 виш инспектор за заштита на природата, а зголемен е и бројот на администартивни службеници од 1 на 4.

Табела - Преглед на вкупен број на систематизирани и пополнети работни места во ДИЖС

| Ниво | Систематизирани работни места прикажани во 2023 година | Пополнети работни места заклучно со 30-06-2023 со промени во I полугодие 2023 година | Промени во I полугодие 2023 година |
|---|---|---|---|
| Б1 | 1 | 1 | 1 |
| Б2 | 4 | 3 | 1 |
| Б4 | 12 | 6 | 3 |
| В1 | 24 | 13 | 1 |
| В2 | 1 | | |
| В4 | 8 | 4 | 2 |
| Г1 | 2 | 1 | 1 |
| Г4 | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 53 | 29 | 10 |

**Табела - Преглед на бројот на систематизирани и пополнети работни места за инспектори и нивоа по вид - звање**

| Ниво | Систематизирани работни места прикажани во 2023 година | Пополнети работни места заклучно со 30-06-2023 со промени во I полугодие 2023 година | Промени во I полугодие 2023 година |
|---|---|---|---|
| Б1 – генерален инспектор | 1 | 1 | 1 |
| Б2 – главен инспектор | 3 | 3 | 1 |
| Б4 – виш инспектор | 9 | 6 | 3 |
| В1 – советник инспектор | 19 | 12 | |
| В4 – помлад инспектор | 6 | 3 | 2 |
| Вкупно | 38 | 25 | 7 |

*Табела - Преглед на бројот на инспектори кои вршеа инспекциски надзор, по вид, возраст и звање во период 01.01-30.06.2023 година*

| Вид | Инспектор за животна средина | | | | | | Инспектор за природа | | | | | | Инспектор за води | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | 3 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | | 2 | 3 | | | 1 | | | 1 | | | | 2 | | 2 | | | 2 | 2 | 2 | 6 |
| В1 – советник инспектор | | | 5 | 4 | 3 | 12 | | | | | | | | | | | | | | | 5 | 4 | 3 | 12 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | 3 | | | | | 3 |
| Вкупно | 1 | 2 | 5 | 7 | 4 | 18 | 1 | | 1 | 1 | | 3 | 1 | | | 2 | 1 | 4 | 3 | | 7 | 9 | 6 | 25 |

Во првото полугодие на 2023 година, инспекциски надзори во делот на животната средина вршеа вкупно 18 (осумнаесет) Државни инспектори за животна средина, од кои 1 Генерален Инспектор за животна средина, 1 Главен Инспектор за животна средина, 3 Виши инспектори за животна средина, 12 Инспектори за животна средина и 1 Помлад инспектор за животна средина. Инспекциските надзори во делот за водостопанство се реализираа со два Водостопански инспектори од кои еден Главен Водостопански Инспектор и еден Виш Водостопански Инспектор, додека 1 Виш Водостопански Инспектор и 1 Помлад Водостопански Инспектор се на менторски период, а во делот на заштитата на природата надзори вршеа 1 Главен Инспектор за заштита на природата и 1 Виш Инспектор за заштита на природата, додека 1 Помлад Инспектор за заштита на природата е на менторски период.

Од вкупниот број на државни инспектори (25), 36%, односно 9 инспекторки се жени, а останатите 16 се мажи или 64%.

**Наградување и унапредување**

Во овој извештаен период, нема наградени службеници, додека има унапредено вкупно 4 инспектори, а исто така е унапреден и 1 административен службеник.

**Пријавени неправилности**

Во извештајниот период е  евидентирана 1 претставка за работата на Главен Водостопански Инспектор од страна на Општина Струга која е доставена и до Инспекцискиот Совет, по што е отворена постапка од страна на Директорот на инспекторатот за писмена опомена на инспекторката, а по жалбата до Комисијата за жалби при Агенцијата за Администрација, постапката е стопирана.

**Интегритет**

Во I - полугодие на 2023 година е поднесено едно барање за утврдување на дисциплинска одговорност на некој од вработените во Државниот Инспекторат за животна средина, а е одржана и 1 работилница за инспекциските служби во просториите на Државната Комисија за спречување на корупцијата за измена и дополна на Националната Стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година.

Изготвена е Политика за Интегритет бр.12-308/2 од 09.03.2023 година и назначено е лице од страна на ДИЖС задолжено за оваа проблематика. Двата документа се објавени на Интеренет страницата на ДКСК на следните линкови:

https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/03/%D0%9F%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D0%BE%D0%B4-%D0%94%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-1.pdf

https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/03/%D0%9D%D0%BE%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D0%94%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-2.pdf

## IV. Инспекциски надзор

Државниот инспекторат за животна средина како појдовни „критериуми за идентификување на субјекти“ се служеше со наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период како и регистрите (од областа на животната средина-А-ИСКЗ, Елаборати, отпад, водите и природата) кои се водат во Министерство за животна средина и просторно планирање и База на податоци на ДИЖС (изработен во соработка со Институтот за Комуникациски Студии). Инспекцискиот надзор се заснова според степенот на сложеноста на инспекцискиот надзор, а согласно Одлуката за утврдување на коефициенти на сложеност на инспекцискиот, донесена од страна на директорот на Инспекторатот, која во периодот на втората половина на 2023 година ќе претрпи измени.

Државните Инспектори за животна средина, своите инспекциски контроли ги вршат врз основа на надлежностите кои произлегуваат од Законот за животната средина, законодавството од областа на управувањето со отпад, квалитет на амбиенталниот воздух итн, како и донесените подзаконски акти.

Водостопанските инспектори, постапуваа согласно одредбите од Законот за води и Законот за утврдување на цените на водните услуги и подзаконските акти од овие два закона, додека Државните Инспекторо за заштита на природата постапуваа согласно Законот за заштита на природата и подзаконските акти од истиот.

Во извештајниот периодот јануари - јуни 2023 година Државниот Инспекторат за животна средина планирал 907 инспекциски надзори, од кои 714 редовни инспекциски надзори, 16 вонредни надзори и 177 контролни инспекциски надзори. Во наведениот период се реализирани 1.072 инспекциски надзори од кои 714 редовни, 160 вонредни и 198 контролни инспекциски надзори. Притоа вкупниот план е надминат за 165 инспекциски надзори, односно за 18,2%.

Утврдени се 220 неправилности/законски повреди за кои се изготвени 220 решенија со кое се наредуваат или забрануваат одредени активности, односно се поведени постапки за санкционирање. Цениме дека планирањето на неправилности пред се делува субјективно при изборот на областа на која ќе се акцентира инспекциската мерка и во најголем број на случаеви предвидените откривања и претпоставените инспекциски мерки не се реализираат по дадениот план, односно најголем број на преземени инспекциски мерки произлегуваат од реализираните вонредните инспекциски надзори. Досегашното искуство кажува дека планирањето на неправилности е неефикасно, иако процената е извршена врз основа на стекнатата пракса при долгогодишното вршење на инспекциски надзор во минатото во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската регулатива и сл. изворите на информации и податоци за идентификување настанување на ризичните области досега ги користеше врз основа на вршење на инспекциски надзор, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица, информации од здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Северна Македонија, информации од други надлежни инспекторати и сл. Потребни се измени на Законот за инспекциски надзор во овој и во други делови кои се иницирани при работилниците пролетта 2022 година, одржани во Охрид, пред се заради поефикасно спроведување на самите надзори и целата припрема за истите.

Реализирани се повеќе вонредни инспекциски увиди на територијата на целата држава на барање на Министерството за внатрешни работи во делот на управувањето со отпад, со цел сузбивање на нелегални дејствија при постапување со истиот. Контролите беа реализирани во соработка со Царинската Управа како и Државниот Пазарен Инспекторат и Управата за Јавни Приходи.

По барање на МЖСПП, Управа за животна средина, Секторот за природа, во текот на месец јуни реализирани се заеднички вонредни инспекциски надзори во сите фарми за желки во државата во присуство на вработен од МЖСПП/УЖС Секторот за природа и надворешен експерт за оваа проблематика, врз основа на претходно барање на Европската Комисија.

**Санкции:** Од страна на државните инспектори во извештајниот период реализирани се 25 прекршочни постапки, од кои 2 во јануари, 9 во февруари, 5 во март, 3 во април, 1 во мај и 5 во месец јуни, при што се иницирани постапки за кои се предвидени согласно законите максимални санкции од над 556.000 евра во денарска противвредност за сторени прекршоци и тоа 180,000 евра за Цементарница УСЈЕ, 180,000 евра за ЈСП Скопје, 110,000 евра за Пејпермил Кочани, 76.000 евра за ВЕ-ГРУП ДООЕЛ, Радовиш, 10,000 евра за Флауер Пауер од Вевчани. Сеуште во процедура се и предметите за неколку јавни водоводни претпријатија: ЈП Водовоод Прилеп, ЈП Водовод Куманово и ЈП Водовод Скопје.

Во извештајниот период се наплатени и платни налози со постапка за порамнување од физички лица заради законски повреди за незаконско управување со отпад, а иницирани се и постапки за спогодување до Комисијата за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Поднесена е и 1 кривична пријава против непознат сторител до Основно Јавно Обвинителство Охрид (Природа, излевање на нафтен дериват во Студенчишки канал, Охридско Езеро).

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во првото полугодие на 2023 година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **115** | **25** | **65** | **205** | **47** |
| 1 | Велес | 36 | 6 | 37 | 79 | 15 |
| 2 | Градско | 5 | | 2 | 7 | |
| 3 | Демир Капија | 8 | | 4 | 12 | |
| 4 | Кавадарци | 28 | 9 | 6 | 43 | 14 |
| 5 | Лозово | 2 | 2 | 1 | 5 | 1 |
| 6 | Неготино | 13 | 5 | 7 | 25 | 6 |
| 7 | Росоман | 12 | 3 | 5 | 20 | 6 |
| 8 | Свети Николе | 9 | | | 9 | 2 |
| 9 | Чашка | 2 | | 3 | 5 | 3 |
| | **Источен регион** | **76** | **17** | **26** | **119** | **35** |
| 10 | Берово | 3 | 1 | 6 | 10 | 5 |
| 11 | Виница | 10 | | 1 | 11 | 2 |
| 12 | Делчево | 5 | | | 5 | |
| 13 | Зрновци | | | 1 | 1 | 1 |
| 14 | Карбинци | 7 | 2 | 2 | 11 | 3 |
| 15 | Кочани | 8 | 4 | 2 | 14 | 5 |
| 16 | Македонска Каменица | 4 | | | 4 | |
| 17 | Пехчево | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 18 | Пробиштип | 12 | 3 | 2 | 17 | 4 |
| 19 | Чешиново-Облешево | 2 | 1 | 2 | 5 | 2 |
| 20 | Штип | 24 | 6 | 9 | 39 | 12 |
| | **Југозападен регион** | **66** | **21** | **4** | **91** | **19** |
| 21 | Вевчани | 2 | 2 | 1 | 5 | 6 |
| 22 | Дебар | 5 | 2 | | 7 | 1 |
| 23 | Дебрца | 1 | 1 | | 2 | 1 |
| 24 | Кичево | 15 | 5 | 1 | 21 | 6 |
| 25 | Македонски Брод | 2 | | | 2 | |
| 26 | Охрид | 21 | 6 | 2 | 29 | 4 |
| 27 | Пласница | 2 | 1 | | 3 | 1 |
| 28 | Струга | 18 | 4 | | 22 | |
| 29 | Центар Жупа | | | | | |
| | **Југоисточен регион** | **92** | **20** | **33** | **145** | **49** |
| 30 | Богданци | 7 | | 4 | 11 | |
| 31 | Босилово | 2 | 1 | 2 | 5 | 3 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 32 | Валандово | 4 | | 2 | 6 | 1 |
| 33 | Василево | 2 | 3 | 1 | 6 | 3 |
| 34 | Гевгелија | 30 | 4 | 4 | 38 | 8 |
| 35 | Дојран | 4 | 3 | 3 | 10 | 2 |
| 36 | Конче | 1 | 2 | 3 | 6 | 2 |
| 37 | Ново Село | 2 | 4 | | 6 | 4 |
| 38 | Радовиш | 18 | 3 | 7 | 28 | 13 |
| 39 | Струмица | 22 | | 7 | 29 | 13 |
| | **Пелагониски регион** | **56** | **10** | **2** | **68** | **7** |
| 40 | Битола | 25 | 6 | | 31 | 2 |
| 41 | Демир Хисар | 3 | | | 3 | |
| 42 | Долнени | 2 | 1 | | 3 | 1 |
| 43 | Кривогаштани | | | | | |
| 44 | Крушево | | | | | |
| 45 | Могила | | 1 | | 1 | |
| 46 | Новаци | 2 | 1 | | 3 | 3 |
| 47 | Прилеп | 15 | 1 | 1 | 17 | 1 |
| 48 | Ресен | 9 | | 1 | 10 | |
| | **Полошки регион** | **153** | **7** | **21** | **181** | **14** |
| 49 | Боговиње | 4 | | 1 | 5 | |
| 50 | Брвеница | 6 | 1 | 1 | 8 | 3 |
| 51 | Врапчиште | 4 | | 1 | 5 | 1 |
| 52 | Гостивар | 69 | 1 | | 70 | |
| 53 | Желино | 8 | 1 | 3 | 12 | 2 |
| 54 | Јегуновце | 4 | 1 | | 5 | 1 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 8 | 3 | 3 | 14 | |
| 56 | Теарце | 5 | | | 5 | 2 |
| 57 | Тетово | 45 | | 12 | 57 | 5 |
| | **Североисточен регион** | **47** | **13** | **8** | **68** | **14** |
| 58 | Кратово | 6 | 4 | | 10 | 1 |
| 59 | Крива Паланка | 13 | 2 | 2 | 17 | 4 |
| 60 | Куманово | 22 | 6 | 4 | 32 | 8 |
| 61 | Липково | 1 | | | 1 | |
| 62 | Ранковце | 1 | 1 | 2 | 4 | |
| 63 | Старо Нагоричане | 4 | | | 4 | 1 |
| | **Скопски регион** | **109** | **47** | **39** | **195** | **35** |
| 64 | Аеродром | 1 | 1 | | 2 | |
| 65 | Арачиново | | | | | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 66 | Бутел | 2 | 4 | 1 | 7 | 1 |
| 67 | Гази Баба | 36 | 3 | 2 | 41 | 5 |
| 68 | Ѓорче Петров | 15 | 2 | 2 | 19 | 3 |
| 69 | Зелениково | | | | | |
| 70 | Илинден | 5 | 1 | | 6 | 1 |
| 71 | Карпош | 9 | 1 | | 10 | 1 |
| 72 | Кисела Вода | 8 | 10 | 8 | 26 | 1 |
| 73 | Петровец | 4 | 5 | 5 | 14 | 8 |
| 74 | Сарај | 3 | 1 | 2 | 6 | 2 |
| 75 | Сопиште | | | | | |
| 76 | Студеничани | 2 | 3 | 5 | 10 | 2 |
| 77 | Центар | 15 | 4 | 10 | 29 | 8 |
| 78 | Чаир | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| 79 | Чучер-Сандево | 6 | 7 | 2 | 15 | 1 |
| 80 | Шуто Оризари | 1 | 4 | 1 | 6 | 1 |
| - **ВКУПНО** | | **714** | **160** | **198** | **1.072** | **220** |

Инспекторатот во предметниот период постапувал по 12 закони и бројот на реализирани инспекциски надзори по закони е следен:

- Закон за животната средина........................................410,
- Закон за управување со отпад........................................265,
- Закон за води........................................121,
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување........................................74,
- Закон за заштита на природата........................................48,
- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема........................................13,
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори........................................4,
- Закон за заштита од бучава во животната средина........................................4,
- Закон за квалитет на амбиенталниот воздух........................................4,
- Закон за утврдување на цени на водните услуги........................................2,
- Закон за хемикалии........................................1 и
- Закон за минерални суровини........................................1.




Најмногу надзори се реализирани во вардарскиот и скопскиот регион, додека најмал број на надзори се евидентирани во пелагонискиот и североисточниот регион.

Законот за животната средина е закон по кој се вршени најголемиот број на инспекциски надзори во првото полугодие, посебно во делот на индустријата, следат законот за управување со отпадот и законот за водите.

## ПРЕТСТАВКИ:

Државниот Инспекторат за животна средина уште во 2016 година воспостави систем за добивање претставки преку Интернет страницата, а истиот е дополнет со добивање претставки преку Фб страницата односно посебна платформа за пријавување-Пријави.

Во првите 6 месеци од 2023 година добиени се вкупно 50 претставки од граѓаните по пат на достапните начини на комуникација, Фејсбук Месинџер (10, 2% се однесувале на ДИЖС), по Е-пошта (5, 1% се однесувала на ДИЖС), Веб-Пријави фрешдеск алатка (35, 7 % се однесувале на ДИЖС).

Во однос на претходниот шестмесечен период бројот на претставките е намален, благодарение на превентивното постапување на инспекторите од Државниот Инспекторат за животна средина во рамки на редовните планирани инспекциски надзори, односно редовното информирање до јавноста преку каналите за информирање за кој вид на проблем каде да се обраќаат.

Од вкупно примените 50 претставки, 9 биле наменети за инспекторите во ДИЖС, сите останати 41 претставка се однесувале на постапување на општинските/овластените инспектори за животна средина, како и за комунални работи општинските/овластените комунални инспектори. Најчесто претставките се однесувале на управување со отпад,

палење на отпад/стрништа на јавни површини, бучава од угостителски објекти, непријатна миризба од чување домашни животни, атмосферски канал и канализација.
ДИЖС има постапено по сите претставки со теренски инспекциски надзори, самостојно или координирано со овластен инспектор за животна средина од општините. Претставките пристигнати по Фејсбук Месинџер или Е-пошта/Веб-Пријави, а кои не биле во надлежност на ДИЖС, се препратени до соодветни институции или барателите се упатени каде да се обратат (овластен инспектор за животна средина, овластен комунален инспектор или друг надлежен орган на централно ниво).

## V. Обука на инспекторите и административните службеници

Во согласност со член 50, став (1) од Законот за инспекциски надзор, директорот на Државниот инспекторат за животна средина, донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2023 година, како и Годишен План за генерички обуки на административните службеници за 2023 година. Низ континуиран процес се врши надградување на основните компетенции и вештини особено кај инспекторите, со што се овозможува постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој заради постигнување на стратешките основи.

Во првото полугодие на 2023 година согласно Годишната програма за работа, ДИЖС вршеше континуиран професионален развој на Државните инспектори и другиот стручно-административен кадар преку спроведување на систем и програма за професионален развој на вработените односно, унапредување на знаењата и способностите со цел, квалитетно и ефикасно вршење на инспекцискиот надзор што е во согласност со стратегијата за понатамошно развивање на инспекцискиот систем во Република С.Македонија и добрата европска пракса.

Врз основа на Годишните Програми за генерички обуки за државните инспектори во ДИЖС, односно генерички обуки за административците, државните инспектори во државниот Инспекторат за животна средина за 2023 година обуките ќе ги реализираат во второто полугодие преку е-обука односно платформата за генерички обуки на Инспекцискиот Совет.

Во соработка со Инспекцискиот Совет реализирани се два тренинга за вработените во ДИЖС (инспекторите) за вклучување во Платформата Е-Инспектор. Првиот тренинг за номинираните лица од Инспекторатот кои ќе го координираат процесот се одржа во просториите на компанијата ИТгма, Скопје која го спроведува вклучувањето на

инспекциските служби во платформата, а вториот тренинг се одржа во Едукативниот центар на Инспекцискиот Совет исто така во Скопје.

Во првото полугодие од 2023 година беше финализирана обуката на меѓународно ниво во делот на запознавање со ЕУ “акито” за животна средина во соработка со Шведската Меѓународна Агенција за Развој и СЕП-Секретаријатот за Европски Прашања каде активно учествуваше и со положен финален тест ја заврши обуката помладата инспекторка за животна средина од Скопје. Во овој период се реализираше и обука-врховен курс (финален трет курс) на Академијата за кривични дела за труење на диви животни во Марбеја, Андалузија во Шпанија со физичко присуство, со што генералниот инспектор за животна средина кој учествуваше на обуките се стекна со посебен сертификат за тренер кој понатаму ќе врши трансфер на здобиените знаења на колегите од ДИЖС, Полицијата и останати надлежни служби, институции, граѓански сектор.

Административните службеници ќе реализират по 3 е-обуки согласно Годишната програма одобрена од МИОА.

Сите државни инспектори од Државниот Инспекторат за животна средина и административците имаат континуирани специјализирани обуки за материјалните закони по системот на е-обуки, области: животна средина, заштита на природата, водостопанство, односно сите закони за кои се надлежни од овие три области, финансиско и останато административно-канцелариско работење.

Реализирана е обука за работа со софтверот за човечки ресурси во соработка со Министерството за информатичко општетство и администрација, како и посебен тренинг за архивско работење во соработка со Државниот Архив на С.Македонија и Е-Архива.

## VI. Буџет и финансирање

Со средствата од буџетските ставки се врши редовно сервисирање на надоместоци за канцелариите во и надвор од Скопје (струја, вода, ѓубретарина, наем, загревање), потоа регистрација и сервис на службените моторни возила, надомест за гориво, услуги за мобилна телефонија и интернет, ИКТ одржување, редовен систематски преглед и осигурување на сите вработени и возилата, набавка на средства за работа (нови записници за констатација, службени легитимации, деловодници, итн), останати потреби на Инспекторатот во однос на ангажирање акредитирана лабораторија за животна средина мерење на емисии во воздух и вода, набавка на заштитна опрема, итн. Во 2023 година не е одобрена набавка на мебел, односно возила за реализација на службените задачи, а од страна на Комерцијална Банка АД, Скопје на Инспекторатот му е подарено 1 користено возило заради вршење на инспекциски надзори, истото веќе се користи за инспекциски надзори во Североисточниот регион, Крива Паланка, Куманово и околните општини.

Прегледот за реализација на Буџетот на државниот инспекторат за животна средина за првото полугодие во 2023 година е поместен на сликата подолу.

Во основа буџетот во првата половина на 2023 година ги задоволи потребите за функционирање на Инспекторатот.

Сите информации во врска со Јавните набавки се поместени на Е-системот за Јавни набавки, годишен план, реализирани набавки, договори, вредност, извештајз а реализирани јавни набавки итн. Линк е поместен и на веб страната на ДИЖС, во делот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## Табела – Реализација на Буџет на ДИЖС за прво полугодие од 2023 година

| Раздел | | Сметка | Поставка | | Буџет | План | Реализирано | Разлика | Процент | Остаток | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12102 | ДИЖС | 630 | 401 | Основни плати | 16,190,000.00 | 7,288,008.00 | 7,266,709.00 | 21,299.00 | 99.71 | 8,923,291.00 | 44.88 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 402 | Придонеси за социјално | 5,990,000.00 | 2,834,198.00 | 2,833,837.00 | 361.00 | 99.99 | 3,156,163.00 | 47.31 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 414480 | Капитални резерви-Купување на | 529,200.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 529,200.00 | 0.00 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 420 | Патни и дневни расходи | 250,000.00 | 200,000.00 | 170,712.00 | 29,288.00 | 85.36 | 79,288.00 | 68.28 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 421 | Комунални услуги, греење, | 3,415,000.00 | 2,000,000.00 | 930,219.00 | 1,069,781.00 | 46.51 | 2,484,781.00 | 27.24 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 423 | Материјали и ситен инвентар | 750,000.00 | 600,000.00 | 157,389.00 | 442,611.00 | 26.23 | 592,611.00 | 20.99 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 424 | Поправки и тековно одржување | 2,000,000.00 | 1,000,000.00 | 610,935.00 | 389,065.00 | 61.09 | 1,389,065.00 | 30.55 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 425 | Договорни услуги | 6,000,000.00 | 3,000,000.00 | 1,939,226.00 | 1,060,774.00 | 64.64 | 4,060,774.00 | 32.32 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 426 | Други тековни расходи | 400,000.00 | 100,000.00 | 51,995.00 | 48,005.00 | 52.00 | 348,005.00 | 13.00 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 464 | Разни трансфери | 200,000.00 | 200,000.00 | 33,943.00 | 166,057.00 | 16.97 | 166,057.00 | 16.97 |
| 12102 | ДИЖС | 630 | 480 | Купување на опрема и машини | 550,800.00 | 918,000.00 | 0.00 | 918,000.00 | 0.00 | 550,800.00 | 0.00 |
| | | | | **ВКУПНО** | **36,275,000.00** | **18,140,206.00** | **13,994,965.00** | **4,145,241.00** | **77.15** | **22,280,035.00** | **38.58** |

## VII. Меѓународна соработка

Меѓународната соработка и активност на ДИЖС е посебно нагласена години наназад и е мошне важна при секојдневното работење на Инспекторатот.

Инспекторатот во рамките на своето работење, со цел полесно приближување кон ЕУ соработува со внатрешните и надворешните институции кои ги покриваат областите кои ги третира, за што има склучено и меморандуми за соработка со голем број институции. Државниот инспекторат за животна средина со своето работење врши сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата и преговори за пристапување во делот на инспекторатот:

- Планирање и координација во врска со реализацијата и мониторинг на НПАА во делот на инспекторатот и учество во работни групи во НПАА на поглавјето: 27. Животна средина и клима **(континуиран процес)**
- Учество на состанок на Подкомитетот Брисел-Скопје кој се однесува за животна средина, енергетика, транспорт во делот за спроведување на законодавството. **(Припрема на одговорите по извештајот и заклучоците од состанокот одржан во 2022 година, состанокот се одржа во март 2023 година, во Владата на Република С.Македонија)**
- Учество во работните состаноци во Европската Мрежа на Обвинители за животна средина заедно со Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија, како и соработката со Интерпол и Европол-Мрежата за сузбивање на Криминалот во животната средина со крајна цел континуирано административно зајакнување на институциите во нашата држава, оперативни активности согласно европската мулти-функционалната платформа за ризици од криминалот (делот за животна средина) ЕМРАСТ на Европол и реализација на две оперативни активности во делот на отпад и природа. **(Во текот на првото полугодие од 2023 година одржани се две оперативни активности на Европол Мрежата за борба со организиран криминал во делот на Ф-гасови и прекугранichен транспорт на отпад. ДИЖС учествуваше во двете активности во координација со Царинската Управа и Полиција, Одделот за Европол на МВР).**
- Учество на настани од проекти организирани од IMPEL Мрежата на Инспектори за животна средина од ЕУ, каде сме полноправен член од мај 2006 година, со цел зајакнување на капацитетот за ефикасно спроведување на законодавството од областа на животната средина (детален опис во делот за проекти).

## VIII. Други активности на инспекциската служба

### VIII.1. Начело на транспарентност и јавност

При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон. На барање на заинтересираните правни и физички лица

Инспекторатот е должен да ги достави сите неопходни информации кои би можеле да им бидат од корист, а кои се однесуваат на општата безбедност на крајните корисници и ризикот по животот и здравјето на луѓето и животните, освен информациите за кои со закон не е дозволен пристап.

Државниот инспекторат за животна средина ја одржува својата официјалната фејсбук страна[1], на која граѓаните можатда се информираат за тековното работење на Инспекторатот, преку отворена и конструктивна комуникација, да ги споделуваат своите коментари, идеи и прашања. Оваа страна има за цел навремено и транспарентно да ги информира граѓаните за активностите на Државен инспекторат за животна средина и за корисните информации и услуги кои ги обезбедува институцијата за граѓаните.

На фејсбук страницата во предметниот период се објавени повеќе од стотина објави.

Во делот на Веб страницата на ДИЖС за слободен пристап на информации од јавен карактер се поместени сите законски потребни информации за запознавање на јавноста, како и одделни задолженија од страна на Владата на Република С.Македонија.

### VIII.2.Односи со медиуми

Државниот инспекторат за животна средина во текот на првото полугодие 2023 година одржа две прес-конференција, средба со медиумите со цел информирање за периодични активности кои се предмет на интерес на медиумите и јавноста, како и презентација на Вториот Шестмесечен Извештај за работењето на ДИЖС во периодот јули-декември 2022 година.

Воедно од страна на инспекторатот редовно се доставувани соопштенија до медиумите и истите се публикувани во дневните информативни изданија како и на повеќе интернет портали, а објавени се десетици изјави во врска со актуелни состојби за инспекциските надзори во сите три области, животна средина, водостопанство и природа врз основа на барања од различни медиуми.

Реализирано е Интервју на Директорот Сретен Стојковски за Радио Слободна Европа.

Учество на дебата во ТВ Клан, Македонија во Скопје на генерален инспектор за животна средина на тема квалитет на амбиентниот воздух, состојба со животната средина во Скопје.

[1]https://m.facebook.com/%D0%94%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-Inspektorati-Shtet%C3%ABror-i-Mjedisit-105140678120971/

### VIII.3.Интернет страница

Информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за животна средина во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната http://www.sei.gov.mk.

Оваа страна има за цел навремено и транспарентно да ги информира граѓаните за активностите на Државен инспекторат за животна средина и за корисните информации и услуги кои ги обезбедува институцијата за граѓаните.

Во текот на првото полугодие се објавени Втор 6-месечен Извештај за работата на ДИЖС за 2022 година, Годишен План за спречување на корупција за 2023 година, Годишен План за работа на ДИЖС за 2023 година, останати инормации од тековно работење на ДИЖС.

Редизајнот на Веб страницата на ДИЖС е планирана за второтополугодие од 2023 година преку проект финансиран од Програмата за развој на Обединетите Нации.

### VIII.4.Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Државниот инспекторат за животна средина заради широкиот спектар на разнородни законски овластувања и надлежности при своето работење соработува со следните институции: Царинска управа на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи - МВР, Национален координативен центар за гранично управување - НКЦГУ, Агенција за храна и ветеринарство - АХВ, Централен регистер на Република Северна Македонија, Управа за јавни приходи - УЈП, Државен Управен инспекторат, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам-ДИГУ, Државен инспекторат за земјоделство, Државен Санитарен и здравствен инспекторат...АВРМ-Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Управа за финансиска полиција, Здруженија на јавни обвинители и судии на РСМ и др.

Инспекторатот имаше соработка со МВР-Полиција, Одделот за Европол и Бирото за Јавна Безбедност како и Царинската Управа во делот на реализација на оперативни активности во борбата со криминалот во животната средина и Националната стратегија за процена на ризици од организиран криминал (област еколошки криминал).

Доставен е одговор по барање на Заменик Народен Правобранител на РСМ по предмет за водена инспекциска постапка за правен субјект Цементарница, Скопје.

Извршен е инспекциски надзор од страна на Државниот Архив на РСМ и Државниот Управен Инспекторат во делот на архивското и канцелариско работење како и спроведување на неколку закони од областа на административното работење и вработените во јавниот сектор, потоа работните односи. Од извештаите од надзорите добиени се минимални укажувања во насока на подобрување на работењето во предметната област.

Реализирани 4 работни средби со градоначалниците на Берово, Кавадарци, Дебрца, Охрид.

Работни посети на поранешната фабрика Југохром, како и на ЈП Водовод Кочани пречистителна станица финансирана од Швајцарија.

Тренинг со царински службеници од сите царински испостави во Царинската Управа во централата во Скопје и Канцеларијата за заштита на озонска обвивка во делот на спроведување на законските одредби од Законот за животната средина кои се однесуваат на фреони, ф-гасови.

Учество на Конференција на Мрежата на заштитетни подрачја-национални паркови Динариди во Скопје, за големи ѕверови, област природа.

Дводневна субрегионална работилница за зајакнување на операционализацијата на пристапот ЕДНО ЗДРАВЈЕ, во соработка со Министерство за Здравство и СЗО, Канцлеарија во С.Македонија, Скопје.

Учество на Национален состанок на ЕМРАСТ, Европол за борба со сериозен и организиран криминал, дел за криминал во животната средина во рамки на Проект финансиран од GIZ, Германската Меѓународна Помош.

## VIII.5.Соработка со бизнис заедницата и граѓански здруженија

Државниот инспекторат за животна средина продолжи со соработката со голем број на граѓански здруженија и невладини организации во првото полугодие на 2023 година, со градење партнерски однос се со цел подобрување на состојбата со животната средина.Со Центарот за климатски промени од Гевгелија во делот изработка и промовирање на т.н Извештај во Сенка за Поглавјето 27.

Учество на состанок на АДКОМ-Здружение на давателите на јавни комунлани услуги во РСМ, Проект за дигитализација на водните услуги, финансиран од GIZ, Германската Меѓународна Помош.

Инспекторатот продолжи да гради партнерски однос и со бизнис заедницата со подобрување на работењето на бизнисите преку директна комуникација со истите и спроведување на законските одредби од областа на животната средина и условите од управните акти (дозволи, елаборати...), учество на состаноци во рамки на Програмата за Зелен развој-UNDP Македонија.

Континуирана е соработката со ЗЕЛС во делот за спроведување на новиот Закон за инспецикски надзор во животната средина, комуникација со МЖСПП при подготовка на два подзаконски акта за трошоци надвор од редовните инспекциски постапки и изработка на Годишен План за инспекциски надзор во животната средина на централно и локлано ниво.

Учества на работилници и настани за младинско учество, дигитализација на процесите во државната управа, заштита на лични податоци, интегритет и транспарентност.

Потпишано писмо за поддршка на граѓанско здружение Флорозон, Скопје за Проект финансиран од Норвешка за подобрување на системот за борба со корупцијата во животната средина.

Одржана работна средба со МЕД-Македонското Еколошко Друштво, АХВ и Полиција во делот на органиизрање на тренизни за борба со труење на дивиот свет.

Учество на Тркалезна Маса во организација на Еко свест од Скопје на тема Постојни механизми за раскинување на концесии за малихидроцентрали во заштитетни подрачја.

Состанок со Стопанската Комора на РСМ, Асоцијациите за отпад од пакување и Е-Отпад, МЖСПП за подобрување на системот за имплементација и спроведување на законодавството од областа на управување со отпадот, пакување, е-отпад, батерии и акумулатори, продолжена одговорност на производителот и останатите текови на отпад, присуство на претставници на УЈП, Царинска Управа, Плански региони, МЖСПП/УЖС Сектор за отпад и Министерката за животна средина и просторно планирање Каја Шукова..

Учество на Меѓународна Конференција на Македонската Асоцијација за цврст отпад, Скопје на тема: Имплементација на кружната економија во управувањето со цврст отпад.

Состанок со претставници на Шанса за Центар, на тема загадување на воздухот во Општина Центар, Скопје.

Настани во РСМ организирани од страна на Центарот за правни истражувања и анализи во рамки на Работната Група за процесирање кривични дела од областа на животна средина(ekoloskapravda.mk), останати настани од други проекти, конференции, дебати, панел дискусии по закони и сл., размена на информации за активности реализирани претходно и планови за иднина, како и дискусии за моментни состојби со животна средина сврзани со инспекцскиот надзор.**(ДИЖС учествуваше на годишен работен состанок на Платформата Еколошка Правда, во координација на ЦПИА и МАНУ). ДИЖС бележи учества (онлајн), во делот за заштита на природата-екосистемски услуги, управување со отпад, како и индустриско загадување.**

### VIII.6.Соработка со образовни и научни институции

Државниот инспекторат за животна средина е во континуирана соработка со образовните и научните институции од областа на животната средина, шумарството, земјоделството, природните и техничките науки како што се Македонската Академија на Науките и Уметностите-МАНУ, Шумарскиот Факултет, Скопје, Факултетот за безбедност, Скопје-во делот на обука за студентите во рамки на предметот за Еколошки Криминал кај Проф.Д-р Марина Малиш-Саздовска, Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје-во рамки на проектот Балкандетокслајф за труење на диви животни, Универзитетот Гоце Делчев, Штип-со ректорот на УГД воедно и Проф. Д-р Дејан Мираковски во делот за квалитет на амбиентен воздух, Технолошко-Металуршки факултет, Скопје, ПМФ, Институтите за Хемија и Биологија и други.

Реализирана е работна посета на студенти од Факултетот за безбедност, Скопје УКЛО Битола во координација на Проф.Д-р Марина Малиш-Саздовска, на тема Еколошки Криминал и запознавање со работата на ДИЖС.

### VIII.7. Проекти

Со проектите финансирани од Европската Унија преку инструментот за претпристапна помош-IPA, се овозможи подобрување на системите за анализа на ризик како и проценка на ефективноста на работењето на инспекциските служби преку изработените: прирачници, протоколи, стандардни оперативни процедури.

Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, ќе се постигна поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор. Заложбата на Државниот инспекторат за животна средина за навремено, квалитетно, ефикасно вршење на инспекциските надзори со цел почитување на законските прописи продолжи и во првата половина на 2023 година.

Проекти во рамки на Кластерите од Европската Мрежа на Инспекторатите за животна средина IMPEL континуирано, сите детали за настаните се поместени на следниот линк https://www.impel.eu/projects/

- Градење капацитети и тренинг за инспекторите за животна средина
- Поддршка за реализација на примената на Директивата за Индустриски Емисии
- Серија на семинари "Лекции научени од индустриски несреќи"
- Инспекции во животната средина во индустриски инсталации согласно Директивата за индустриски емисии
- Методологија за процена на ризик
- Транспорт на отпад во прекуграничен контекст и Меѓународна Конференција, учество на настан во Орадеа, Романија во месец февруари
- Вода и ремедијација на почва (Припрема за дводневна работилница за месец ноември во Скопје)
- Борба со илегалното убивање на птици
- Директивите за птици и живеалишта, трендови (Припрема на Зелен Стручен Извештај од аспект на инспекција за РСМ)
- Генерална Асамблеа на Мрежата и состанок на Националните Координатори, јуни, Стокхолм, домаќин Шведска (учество на национален координатор).
- Работна посета на Бордот на Мрежата IMPEL (8 ЕУ експерти), 14 март во Клубот на пратениците во Скопје

– Работилница во рамки на Проектот за Национален Стручен Извештај во мај Скопје, учество на 2 ЕУ експерти од IMPEL и претставници на Инспекцијата за животна средина на Србија.

Соработка со регулаторни институции од Европа во рамки на Проектот EU-Twix *(зелени царини)* во рамки на секојдневна размена на податоци сврзани со прекугранична трговија со заштитени видови на флора и фауна, CITES Конвенција. Одржана обука за ЕУ-TWIX алатката за размена на податоци.

БалканДетоксЛајф ЕУ Проект за спречување на труење на дивите животни. Учество на врховен (финален трет) курс во мај во Марбеја, област Андалузија Шпанија во рамки на Академија за кривични дела во животната среидна против труење на диви животни (Тимот беше составен од претставници на ДИЖС, АХВ, Факултетот за ветеринарна медицина при УКИМ, Скопје и имплементаторот Македонското Еколошко Друштво-МЕД, Скопје).

Европол, Европска Мрежа на Полициите, Платформа "ЕМРАСТ"-Повеќефункционална Платформа за ризици од криминалот, дел за животна средина и сузбивање на еколошкиот криминал. (вебинари, хибридни настани).

ДИЖС заедно со Секторот за IPA-инструментот за предпристапна помош и Делегацијата на ЕУ во РСМ е во финална припрема на новиот ЕУ Твининг Проект кој е планиран да започне на 1 јануари 2024 година, со траење од 21+3 месеци и вредност од 1 милион евра.

Повеќемесечна припрема на Работниот Тим за учество на Билатерален Скрининг за Поглавјето 27: Животна средина и климатски промени во рамки на Кластер 4: Зелена Агенда во Брисел од 3-7 јули.

Учество (онлајн) на Објаснувачки скрининг за Поглавјето 27: Животна средина и климатски промени, Брисел/Скопје, Март.

Учество на настани организирани во рамки на ЕУ Проекти за природа НАТУРА2000МК (CITES) и екосистемски услуги, нов ЕУ Твининг Проект за управување со отпад, нов ЕУ Твининг Проект за индустриско загадување, Проект за инвенторизација на жива, проекти со кои координира МЖСПП.

Меѓународен Проект за Ремедијација во ОХИС, отпаден линдан (чистење на трет дел од малата депонија во ОХИС, Скопје).

Меѓународен Проект за Катастар за подземни води, финансиран од Швајцарија.

## СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР:

Во текот на првите 6 месеци се примени 6 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, 6 се одговорени целосно, сите се во законскиот рок, без дополнување на одговорите односно жалба по истите до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Сите останати информации се поместени на посебен линк на Веб страната на ДИЖС за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## IX. Заклучоци и препораки

Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, се постигна поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор. Општата оценка на реализација на зацртаните програмски цели и задачи, е на високо ниво на нивно исполнување, квалитетно, ефективно, ефикасно почитувањето на роковите, придонесот кон остварување на зацртаните цели и планови во поглед на годишната програма за работа на институцијата и покажа посветеноста и ангажираноста во планирањето и остварувањето на резултатите, работната етика и дисциплина.

Општата оценка на реализација на зацртаните програмски цели и задачи, е на високо ниво на нивно исполнување, квалитетно, ефективно, ефикасно почитувањето на роковите, придонесот кон остварување на зацртаните цели и планови во поглед на годишниот план за работа на институцијата и покажа посветеност и ангажираност во планирањето и остварувањето на резултатите, работната етика и дисциплина.

Државниот инспекторат за животна средина, во извештајниот период, внимаваше да не се наруши редовното и нормалното функционирање на институцијата и динамиката на вршење на инспекциските надзори ја прилагоди на состојбата според ресурсите, а се со цел да се одговори на работните задачи и доследно и навремено спроведување на обврските на инспекторатот во врска со законите кои се во негова надлежност.

**Препораки за решавање на проблемите со кои се соочува инспекциската служба и неможност за преземање на мерки по законите се следните:**

-Усвојување на Законот за инспекцискиот надзор во животната средина во април 2022 година е од големо значење за иднината на инспекцискиот систем во животната средина во РСМ. Главна причина поради која се пристапи кон изработка на нов закон беше потребата од координирано повеќегодишно планирање на инспекцискиот надзор на централно и локално ниво, кое ќе ги следи долгорочните стратешките цели и приоритети предвидени во стратешките документи од областа на животната средина, како и планирање на инспекцискиот надзор во согласност со воспоставени критериуми за процена на ризик во согласност со влијанието кое субјектите на надзорот го имаат врз животната средина.

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор во животната средина ќе се овозможи воспоставување на повеќегодишно планирање на инспекцијата во животната средина во согласност со целите и приоритетите дефинирани во стратешките документи, што ќе се обезбеди преку донесување на повеќегодишен план за инспекција во животната средина, како и донесување на единствената програма за инспекција во животната средина во согласност со воспоставени критериуми за процена на ризикот врз животната средина. Интензивирање на припремниот процес и обврските кои произлегуваат од законот за навремено и ефикасно спроведување на законот.

Предлог за подобрување на инспекцскиот систем во животната средина е да се етаблира единствен систем на единствено централно ниво, пред се поради незадоволителни резултати од страна на општинските инспекциски служби од 2005 година откако е започната

децентрализација до 2023 година, цели 18 години, каде само 45% од локалните самоуправи имаат назначено општински инспектори за животна средина и имаат генерално незадоволителен учинок и низок степен на спроведување на законодавството.

Извештај за состојбата со инспекциските служби за животна средина на локално ниво, Фондација Конрад Аденауер, С. Македонија:

https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien/veranstaltungsberichte/detail/-/content/presentation-of-the-analysis-of-the-legal-framework-and-institutional-capacities-of-the-local-enviro

-Започнувањето со работа и спроведување на дигиталната платформа „Е-инспектор" - електронскиот систем за инспекциски надзор, ќе понуди подобро планирање и менаџирање на ризикот на инспекцискиот надзор и подобрена ефикасност, транспарентност и одговорност во работата на инспекторите како и интероперабилност.

-Воведувањето на единствен електронски регистар-База на податоци која ќе се полни тековно со потребните информации,со која нема дополнително да се задолжува инспекторот да доставува извештаи и планови.

-Набавка на возила за спроведување на инспекциски надзор и решавање на проблемот со канцелариски простор на централата на ДИЖС во Скопје.

-Потреба за отпочнување на процес на воведување на меѓународниот стандард ISO 9001:2015 Системи за менаџмент со квалитет, како и зајакнување на системот за сајбер безбедност.

-За ефективно и ефикасно спроведување на промените кои произлегуваат од законите по кои постапуваат инспекторите, потребно е единствен систем за обуки и стручно усовршување на инспекторите, кој ќе се спроведуваат врз основа на соодветно развиена Стратегија, која ќе биде основа за развој на соодветни и структурирани програми за обука, кои ќе се спроведуваат континуирано, преку софтверско решение за е-обуки.

-Изработка на комуникациска стратегија за промовирање на активностите и улогата на инспекциските служби во РСМ.

Заложбата на Државниот инспекторат за животна средина за навремено, квалитетно, ефикасно вршење на инспекциските надзори со цел почитување на законските прописи ќе продолжи.

**Изработил во име на ДИЖС:**
Дарко Блинков, Генерален Инспектор за животна средина